ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
TENNIS FEDERATION OF NORTH MACEDONIA

## ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (ТФСМ)

# ПРАВИЛНИК

## ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА КЛУБОВИТЕ И НИВНИТЕ ЧЛЕНОВИ

# 2025

## СОДРЖИНА

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ
2. ПРИЈАВУВАЊЕ НА КЛУБОВИТЕ И НИВНИТЕ ЧЛЕНОВИ
3. РЕГИСТРАЦИЈА НА НАТПРЕВАРУВАЧИТЕ
4. ПРАВО НА НАСТАП
5. ПРИГОВОРИ
6. ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ЧЛЕНСТВО
7. ОДГОВОРНОСТ НА КОМИСИЈАТА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА
8. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој правилник се пропишуваат начинот и условите за регистрација на тениските клубови и нивните членови, постапката која треба да се спроведе при регистрација, условите под кои регистрацијата може да се изврши, правата на регистрираните играчи и последиците за неисправно извршените регистрации.

**Член 2**

Регистрацијата на членовите на тениските клубови се однесува за тенисерите и тенисерките кои се натпреваруваат на натпреварите под покровителство на Тениската Федерација на Северна Македонија (ТФСМ), во сите старосни конкуренции.

**Член 3**

Регистрацијата на тениските клубови и нивните членови ја врши комисијата за регистрација при ТФСМ.

## 2. ПРИЈАВУВАЊЕ НА КЛУБОВИТЕ И НИВНИТЕ ЧЛЕНОВИ

**Член 4**

Регистрација на тениските клубови се врши врз основа на поднесено барање на тенискиот клуб кој склучува спогодба за здружување со Тениската Федерација на Северна Македонија (ТФСМ).

<u>Со барањето треба да се достават следните документи:</u>

- Документ за поседување на тениски терени (сопственост или закуп);
- Решение издадено од Министерството за спорт на РСМ за вршење на дејност спорт-тенис;
- Решение за упис во судски регистар;
- Пополнет Евидентен лист (со седиште на фирмата, жиро сметки, даночен број, дата на основање, одговорни лица за водење на клубот и нивни контакти, бројот на моментални членови и рекреативци во клубот, терени, опрема и простории со кои располага клубот во моментот);
- Статут на тенискиот клуб-здруженија на граѓани
- Програма за работа во наредниот период
- Договор со стручно лице кое ќе го води тренажниот процес во клубот (согласно законот за спорт) кое е лиценцирано во ТФСМ за тековната година согласно правилникот за тренерскиот комитет и тениските тренери
- Диплома од Стручното лице или сертификат издаден од Интернационалната Тениска Федерација (ИТФ)
- Акт за регулирање на правата и обврските на натпреварувачите-рекреативците во тенискиот клуб - ТП, приватни фирми
- Акт за регулирање на правата и обврските на вработените во спортскиот клуб-ТП, приватни фирма

На клубот кој ќе достави уредна документација и Изјава дека по здружувањето ќе учествува со свои натпреварувачи во натпреварувачкиот систем на ТФСМ, ќе му се издаде Потврда за учество во натпреварувачкиот систем која ќе му послужи во постапката за вадење Решение за вршење спорт пред Министерството за спорт.

Клубот кој уредно ќе достави комплетни документи до ТФСМ, склучува Договор за здружување во ТФСМ, ја регулира годишната членарина и се стекнува со правото да регистрира и пријавува натпреварувачи на турнирите од официјалниот календар на Тениската Федерација на Северна Македонија.

Со приемот на клубот во ТФСМ, односно со потпишување на Договорот за здружување во ТФСМ, новиот клуб се стекнува со права и обврски согласно Статутот и другите акти на ТФСМ.

Со право на глас на Собранието на ТФСМ новиот клуб се стекнува наредната календарска година.

**Член 5**

Право на регистрација имаат сите државјани на Република Северна Македонија и сите странски државјани кои ќе поднесат барање за регистрација до ТФСМ, а истото ќе биде прифатено од матичниот клуб член на ТФСМ.

**Член 6**

Клубот кој сака да регистрира своите тенисери/членови во ТФСМ, истото го прави по следната постапка:

1. Го информира својот член за електронската постапка за регистрација на официјалната платформа за регистрација на ТФСМ
2. Откако тенисерот ќе ја комплетира целата постапка, клубот преку својот профил на истата платформа го одобрува својот член. За успешна регистрација потребно е да се пополни:
   - Име и презиме на латиница и кирилица, датум на раѓање, пол, име и презиме на родител, категорија во која ќе се натпреварува, клуб за кој се регистрира, телефонски број, И-Пин – доколку поседува, државјанство, земја која ја претставува, документ за идентификација, фотографија, електронска пошта, лозинка.
   - Откако ќе бидат уфрлени сите податоци потребно е да ја уплати годишната регистрација согласно одлуката донесена од УО на ТФСМ користеќи го ПОС терминалот.
   - По креирање на профилот тенисерот треба да прикачи доказ за извршен лекарски преглед кој нема да биде постар од 6 месеци.
3. ТФСМ врши проверка на сите податоци кои тенисерот ги навел за време на онлајн регистрацијата и доколку ги исполнува сите услови го одобрува тенисерот, кој потоа може да се пријавува на турнирите согласно правилата и прописите на ТФСМ.

Ако тенисерот преминува од еден клуб во друг, треба да се приложи исписница од клубот за кој се натпреварувал и ја информира ТФСМ за кој клуб планира да настапува.

Секој тенисер - тенисерка за кој ќе биде доставено барање за регистрација во ТФСМ, со самото барање, натпреварувачите и нивните родители се согласни дека личните податоци, спортските резултати постигнати на ТФСМ и меѓународните турнири, како и видеа и фотографии кои ќе бидат сликани за време на официјалните настани на ТФСМ можат да бидат објавувани на официјалните веб страни на Федерацијата, и на социјалните мрежи на ТФСМ и истите да се користат во комуникација со институциите.

**Член 7**

Исписницата се издава на барање на натпреварувачот или родителот (доколку натпреварувачот е малолетен), кое се доставува (преку електронска пошта или лично) истовремено во клубот и во ТФСМ. Тенискиот клуб е должен на натпреварувачот кој писмено побарал исписница, истата бесплатно да му ја издаде во рок од 7 дена од приемот на барањето, или во тој рок да го извести барателот и ТФСМ за причините за неиздавање на исписница. Доколку, клубот не издаде исписница во определениот рок, тогаш ТФСМ го разгледува барањето за испишување и за одлуката ќе ги информира двете засегнати страни.

## 3. РЕГИСТРАЦИЈА НА НАТПРЕВАРУВАЧИ

**Член 8**

Комисијата за регистрација врз основа на примените материјали е должна:

- Да провери дали е постапено во духот на одредбите на овој правилник;
- На онлајн платформата за регистрације да ја прифати или да го одбие барањето со образложение;
- Прифатената регистрација да ја евидентира со следниве податоци:
  - а) Реден број (личен код на тенисерот)
  - б) Дата на регистрација

в) Име и презиме на натпреварувачот, а доколку тенисерот е малолетен и име и презиме на родител

г) Дата на раѓање

д) Име на клубот за кој се регистрира

Евиденцијата на натпреварувачите се води електронски и се објавува на веб страна со сите потребни податоци.

**Член 9**

Клубовите се должни, секоја година, за време на преодниот рок да извршат заверка/одобрување на регистрациите, за сите натпреварувачи, за наредната година.
Преоден рок се смета времето од 01.01. до 31.03. во годината.
За натпреварувачите за кои нема да се побара заверка на регистрацијата, нема да имаат право на настап се додека тоа не го направат.
Ако една или повеќе години не е извршена заверка, истата може да се направи ако натпреварувачот не го сменил клубот.

## 4. ПРАВО НА НАСТАП

**Член 10**

Право на настап имаат сите активни клубови кои не се под суспензија.

По извршената регистрација или пререгистрација и уплата на годишната регистрација, натпреварувачот има право на настап веднаш во поединечни и екипни натпревари.

Натпреварувачот кој не е електронски регистриран, нема право на настап на турнирите под покровителство на ТФСМ.

**Член 11**

Право на настап на екипни натпревари ќе имаат оние регистрирани играчи кои од страна на клубот ќе бидат пријавени пред почетокот на клубските натпревари.

**Член 12**

На секој натпревар учесникот е должен кај себе да има уверение од извршен лекарски преглед кој не ќе биде постар од 6 месеци.

**Член 13**

Ако накнадно се утврди дека некој натпреварувач не бил правилно регистриран му се поништуваат сите резултати постигнати на поединечните и екипните натпревари, него и на клубот.

## 5. ПРИГОВОРИ

**Член 14**

Против секоја регистрација, ако се смета дека е неправилна, може да се даде приговор од натпреварувачот или клубот кој е заинтересиран да ја докаже таа неправилност. Приговорот се поднесува до Управниот одбор на ТФСМ.

**Член 15**

<u>Приговорот може да биде:</u>

- Ако натпреварувачот не дал точни податоци;
- Ако натпреварувачот се наоѓа под суспензија или казна;
- Ако комисијата за регистрација уредно не спровела постапка за регистрација
- Ако се утврди дека играчот немал право на настап според членовите 9 и 10 од овој Правилник.

**Член 16**

По приговорот регистрацијата може да биде поништена или потврдена.

**Член 17**

Играчите регистрирани по овој Правилник можат да бидат членови на странски клубови.

## 6. ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ЧЛЕНСТВО

**Член 18**

ЗА КЛУБОВИ

а. Ако дополнително се утврди неправилност при регистрацијата;
б. Кога клубот ќе донесе одлука за тоа;
в. Кога два тениски клуба ќе се спојат(фузираат);
г. По одлука на Управниот одбор на ТФСМ.

ЗА НАТПРЕВАРУВАЧИ

а. Кога играчот преку клубот бара бришење на регистрацијата;
б. По одлука на дисциплинската комисија за бришење на регистрацијата;
в. Кога клубот ќе побара бришење на регистрацијата;
г. Со губење на граѓански права.

## 7. ОДГОВОРНОСТ НА КОМИСИЈАТА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА

**Член 19**

Комисијата за регистрација која работи спротивно на одредбите на овој Правилник, а располага со точни податоци, ќе биде отповикана.

## 8. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 20**

Толкување на овој правилник дава Управниот одбор на ТФСМ.

**Член 21**

Овој Правилник стапува на сила од денот на донесување од Управниот одбор на ТФСМ.

**ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
Претседател,
Александар Ивановски

Скопје, 18.03.2025 година